РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Агенција за заштита на личните податоци
Agjencia për Mbrojtjen e të Dhënave Personale

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: / Pranuar më: | 07. 08. 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Nj. org. | Број / Nr. | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 12 | 486 | | |

Уп1 бр. 08-116
29.7.2020 година

До
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
бул.„Гоце Делчев" бр.18
Скопје

Предмет: Известување за вршење на редовна супервизија

Почитувани,

Ве известуваме дека врз основа на член 104 ставови (1), (2), (5) и (6) и член 105 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 16 од Правилникот за начинот на вршење на супервизија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/20), инспекторите за заштита на личните податоци во текот на месец август 2020 година ќе извршат редовна супервизија кај Државен инспекторат за градежништво и урбанизам.

Редовната супервизија кај Контролорот ќе се изврши преку проверување на веб страницата на Контролорот https://digu.gov.mk/, а во однос на содржината на истата и безбедноста на податоците, според одредбите од член 16 од Правилникот за начинот на вршење на супервизија.

За извршената редовна супервизија ќе биде составен записник со наод на состојба и утврдени повреди и решение за отстранување на утврдените повреди, согласно член 107 од Законот за заштита на личните податоци, кои ќе Ви бидат доставени преку пошта.

Изработил: МСС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Агенција за заштита на личните податоци
Agjencia për Mbrojtjen e të Dhënave Personale

Уп1 бр. 08-116
22.09.2020 година

22.09.2020
12 486/2

До
Министерство за транспорт и врски
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
бул.„Гоце Делчев“ бр.18
Скопје

Предмет: Доставување на записник

Во прилог Ви го доставуваме Записникот под Уп1. бр. 08-116 од 16.09.2020 година од извршена редовна супервизија преку проверување на веб страницата www.digu.gov.mk на Контролорот - Министерство за транспорт и врски, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам.

Воедно Ве известуваме дека во рок од пет дена од денот на приемот на записникот може да доставите забелешки по истиот.

Исто така, во прилог на овој Записник Ви доставуваме и ЦД со Web Application Report од софтверот HCL AppScan и Извештај од софтверот Website Evidence Collection кои претставуваат составен дел на овој Записник, при што при добивањето на истиот потребно е да се обратите на следната е-маил адреса: за да Ви биде доставена лозинката за отворање на ЦД-то.

Со почит,

Изработил: МСС
Одобрил: ВФ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Агенција за заштита на личните податоци
Agjencia për Mbrojtjen e të Dhënave Personale

Уп1 бр. 08-116
16.09.2020 година
Скопје

# ЗАПИСНИК
## од редовна супервизија

## I.ВОВЕД

Вишиот инспектор за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: инспектор) и овластеното лице со Решение за овластување за вршење на редовна супервизија бр. 02-6/53 од 30.07.2020 година (во натамошниот текст: овластено лице) во текот на месец август (на 17.08.2020 година и на 25.08.2020 година) извршија редовна супервизија преку проверување на веб страницата https://digu.gov.mk/, на Контролорот - Министерство за транспорт и врски, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, со седиште на бул.„Гоце Делчев“ бр.18 Скопје (во натамошниот текст: Контролор).

Редовната супервизија е извршена согласно одредбите од член 104 ставови (1), (2), (5) и (6) и член 105 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и одредбите од член 16 од Правилникот за начинот на вршење на супервизија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20).

Согласно член 104 ставови (5) и (6) од Законот за заштита на личните податоци и член 12 став (2) од Правилникот за начинот на вршење на супервизија, а поради ситуацијата со Корона вирусот (Ковид - 19) редовната супервизија по својот обем беше делумна и се изврши по електронски пат, при што предмет на супервизијата беше функционалноста и обезбедувањето на веб страницата https://digu.gov.mk// на Контролорот според Месечниот план за месец август 2020 година.

Во функција на вршење на редовната супервизија, Контролорот со писмено Уп1 бр.08-116 од 29.07.2020 година е известен за периодот на спроведување на супервизијата.

При вршењето на редовната супервизија, разгледани се следните прописи и документација:

- Закон за заштита на личните податоци;

- Закон за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 153/19);

- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014,

28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/2019 и 18/2020);

- Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19);

- Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019 и 110/2019);

- Правилник за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20);

- Recommendation No. R (99)5 of the Committee of Ministers to Member States for the protection of privacy on the Internet;

- Guidelines on the protection of personal data processed through web services provided by EU institutions, EDPS;

- Извадок (print screen) од веб страницата на Контролорот за користење на https протокол;

- Извадок (print screen) од веб страницата на Контролорот за користење на колачиња;

- Извадок (print screen) од веб страницата на Контролорот од делот: пријави нерегуларности;

- Извадок (print screen) од веб страницата на Контролорот од делот: иницијативи;

- Извадок (print screen) од веб страницата на Контролорот од делот:претставки;

- Извадок (print screen) од веб страницата на Контролорот од делот: предлози до дигу;

- Извадок (print screen) од веб страницата на Контролорот од делот: за нас;

- Web Application Report од софтверот HCL AppScan и

- Извештај од софтверот Website Evidence Collection.

## II.НАОД НА СОСТОЈБАТА

По извршениот увид во документацијата и веб страницата www.digu.gov.mk на Контролорот, инспекторот и овластеното лице ја утврдија следната фактичка состојба:

1. Контролорот не обезбедува јавност на контакт податоците за офицерот за заштита на личните податоци (име и презиме, електронска пошта и телефонски број) на својата веб страница што не е во согласност со член 41 став (7) од Законот за заштита на личните податоци.

2. Контролорот нема донесено и истакнато Политика за приватност на својата веб страница, при што нема обезбедено транспарентност при остварување на правата на субјектот

на личните податоци како посетител (корисник) на веб страницата на Контролорот, што не е во согласност со одредбите на членовите 9 и 16 од Законот за заштита на личните податоци, а во врска со насоките содржани во Recommendation No. R (99)5 of the Committee of Ministers to Member States for the protection of privacy on the Internet.

3. Контролорот користи колачиња (first - party cokies), но нема истакнато (не применува) посебна Политика за користење на колачиња („cookies"), како и нема создадено технички можности за давање на согласност од страна на корисникот на веб страницата за користење на колачиња („cookies"), што не е во согласност со членовите 9 и 16 и член 28 ставови 1 и 2 од Законот за заштита на личните податоци и член 168 став (5) од Законот за електронските комуникации, а во врска со член 19 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци.

4. Контролорот на својата веб странцица има објавено лични податоци за своите вработени (име, презиме, адреса, телефонски број, е-маил адреса, број на лиценца и фотографија), како и овозможува поднесување на иницијативи, претставки и предлози и пријавување корупција при што се внесуваат лични податоци на Подносителите (име, презиме, адреса, е-маил), при што Контролорот применува посебни методи и мерки за заштита на неговата веб страница, односно користи https протокол (Kaspersky Endpoint Security Root Certificate со важност до 16.09.2021 година), што е во согласност со членовите 28, 29 и 36 од Законот за заштита на личните податоци и со член 19 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци.

СЕ УКАЖУВА: Контролорот да обезбеди согласност од вработените за објавување на нивните фотографии на веб страницата www.digu.gov.mk, како и претходно да ги информира вработените за процесот на обработка на фотографиите и нивните права, согласно членовите 10, 11 и 16 од Законот за заштита на личните податоци.

Се задолжува Контролорот да постапи по ова укажување во рок од 8 (осум) дена од приемот на овој Записник и за истото да достави доказ до Агенцијата.

5. Контролорот применува соодветни технички и организациски мерки во однос на заштитата на веб страницата, при што обезбеденото ниво на безбедност го сведува ризикот на ниска сериозност според наодите содржани во Web Application Report од софтверот HCL AppScan, што е во корелација со одредбите од член 36 ставови (1) и (2) од Законот за заштита на личните податоци, а во врска со одредбите од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА Контролорот да преземе мерки и активности за отстранување на констатираните недостатоци во Web Application Report, а во функција на обезбедување на веб страницата според одредбите од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци.

## III.УТВРДЕНИ ПОВРЕДИ

По извршениот увид во документацијата и веб страницата www.digu.gov.mk на Контролорот, утврдени се следните повреди на прописите за заштита на личните податоци:

1. Контролорот не обезбедува јавност на контакт податоците за офицерот за заштита на личните податоци (име и презиме, електронска пошта и телефонски број) на својата веб страница што не е во согласност со член 41 став (7) од Законот за заштита на личните податоци.

2. Контролорот нема донесено и истакнато Политика за приватност на својата веб страница, при што нема обезбедено транспарентност при остварување на правата на субјектот на личните податоци како посетител (корисник) на веб страницата на Контролорот, што не е во согласност со одредбите на членовите 9 и 16 од Законот за заштита на личните податоци, а во врска со насоките содржани во Recommendation No. R (99)5 of the Committee of Ministers to Member States for the protection of privacy on the Internet.

3. Контролорот нема истакнато (не применува) посебна Политика за користење на колачиња („cookies"), како и нема создадено технички можности за давање на согласност од страна на корисникот на веб страницата за користење на колачиња („cookies"), што не е во согласност со членовите 9 и 16 и член 28 ставови 1 и 2 од Законот за заштита на личните податоци и член 168 став (5) од Законот за електронските комуникации, а во врска со член 19 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци.

ПОСЕБНА ПРЕПОРАКА: Се препорачува на Контролорот при усогласување на своите процеси на собирање, обработка и чување на личните податоци со прописите за заштита на личните податоци (Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и подзаконските акти објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/20) да ги земе предвид и насоките содржани во Информацијата за контролорите во врска со примената на новиот Закон за заштита на личните податоци објавена на веб страницата на Агенцијата.

Составен дел на овој записник се извештаите изработени преку софтверот HCL AppScan (Web Application Report) и и од софтверот Website Evidence Collection.

Со содржината на записникот да се запознаат директорот на Државен инспекторат за градежништво и урбанизам и офицерот за заштита на личните податоци.

Доставено до:

- Контролорот;
- Досие и
- Архива.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Агенција за заштита на личните податоци
Agjencia për Mbrojtjen e të Dhënave Personale

29.09.2020

12 486/3

Уп1 бр. 08-116
29.09.2020 година

До
Министерство за транспорт и врски
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
бул.„Гоце Делчев" бр.18
Скопје

Предмет: Доставување на решение

Во прилог Ви го доставуваме Решението Уп1 бр.08-116 од 28.09.2020 година од извршена редовна супервизија преку проверување на веб страницата https://digu.gov.mk/, на Министерство за транспорт и врски, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, со седиште на бул.„Гоце Делчев" бр.18 Скопје.

Со почит,

Вишиот инспектор за заштита на личните податоци и овластеното лице во Агенцијата за заштита на личните податоци врз основа на член 107 ставови (4) и (5) од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20) и Записникот Уп1 бр. 08-116 од 16.09.2020 година од извршена редовна супервизија преку проверување на веб страницата https://digu.gov.mk/, на Министерство за транспорт и врски, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, со седиште на бул.„Гоце Делчев" бр.18 Скопје, го донесоа следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за отстранување на утврдени повреди**

**I.**

СЕ ЗАДОЛЖУВА Министерство за транспорт и врски, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам преставуван од директорот Локман Љимани да преземе дејствија и активности за отстранување на повредите утврдени со Записникот Уп1 бр.08-116 од 16.09.2020 година за извршена редовна супервизија и тоа:

1. Да се обезбеди јавност на контакт податоците за офицерот за заштита на личните податоци (име и презиме, електронска пошта и телефонски број) на веб страницата www.digu.gov.mk согласно член 41 став (7) од Законот за заштита на личните податоци.

РОК: 16.10.2020 година

2. Политиката за приватност која што Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ја има истакнато на веб страницата www.digu.gov.mk, да се усогласи со одредбите на членовите 9 и 16 од Законот за заштита на личните податоци, а во врска со насоките содржани во Recommendation No. R (99)5 of the Committee of Ministers to Member States for the protection of privacy on the Internet, а со цел обезбедување на транспарентност при остварување на правата на субјектот на личните податоци како посетител (корисник) на веб страницата.

РОК: 11.11.2020 година

3. Политиката за користење на колачиња („cookies") која што ја има истакнато Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на веб страницата www.digu.gov.mk, во целост да се усогласи со одредбите од членовите 9 и 16 и член 28 ставови 1 и 2 од Законот за заштита на личните податоци и член 168 став (5) од Законот за електронските комуникации, а во врска со член 19 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци.

РОК: 11.11.2020 година

**II.**

СЕ ЗАДОЛЖУВААТ офицерот за заштита на личните податоци и директорот Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, за преземените дејствија и активности по ова решение, во рок од 8 (осум) дена по истекот на секој одделен рок наведен во диспозитивот на ова решение писмено да ја известат Агенцијата за заштита на личните податоци, како и да достават писмен доказ за преземените дејствија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно Месечниот план за месец август 2020 година, вишиот инспектор за заштита на личните податоци и овластеното лице со Решение за овластување за вршење на редовна супервизија бр. 02-6/53 од 30.07.2020 година во текот на месец август (на 17.08.2020 година и на 25.08.2020 година) изврши ја редовна супервизија преку проверување на веб страницата https://digu.gov.mk/, на Контролорот - Министерство за транспорт и врски, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, со седиште на бул.„Гоце Делчев" бр.18 Скопје.

Редовната супервизија е извршена согласно одредбите од член 104 ставови (1), (2), (5) и (6) и член 105 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и одредбите од член 16 од Правилникот за начинот на вршење на супервизија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/20).

За извршената редовна супервизија составен е Записник под Уп1 бр.08-116 од 16.09.2020 година со наод на утврдената состојба, согласно член 107 став (1) од Законот за заштита на личните податоци. По приемот на Записникот од страна на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, се создадени технички можности за давање на согласност од страна на корисникот на веб страницата за користење на колачиња („cookies"). Исто така, објавени се Политиката за приватност и Политиката за користење на колачиња („cookies") кои што ќе треба дополнително да се усогласат со приписите за заштита на личните податоци.

За отстранување на утврдените повреди во однос на функционалноста и обезбедувањето на веб страницата www.digu.gov.mk на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, согласно член 107 ставови (4) и (5) од Законот за заштита на личните податоци, се донесе решение како во диспозитивот.

Решено од вишиот инспектор за заштита на личните податоци и овластеното лице на ден 28.09.2020 година под Уп1 бр.08-116.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор со тужба пред Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Доставено до:**

- Контролорот
- Досие и
- Архива.

**Влада на Република Северна Македонија**

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

Одделение за нормативно правни и општи работи

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 12-486/4
14.10.2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Датум: 14.10.2020 година**

**До: Агенција за заштита на личните податоци**

**Предмет: Известување по задолжение**

Почитуван/а

Врз основа на добиеното Решение за отстранување на утврдени повреди во кое не задолжувате да преземеме дејствија кои сте ги утврдиле со Записник Уп1 бр. 08-116 од 16.09.2020 година по редовната супервизија, Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам Ви доставува известување по кои е постапено:

- по однос на точката 1 – Да се обезбеди јавност на контакт податоците за офицерот за заштита на личните податоци на веб страницата www.digu.gov.mk – објавено е лицето кое е овластено со име и презиме, електронска пошта и телефонски број.
- по однос на точката 2 – Политиката за приватност да се усогласи со одредбите на членовите 9 и 16 од Законот за заштита на личните податоци а со цел обезбедување на транспарентност при остварување на правата на субјектот на личните податоци како посетител (корисник) - Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ја усогласи истата и е превземена и поставена точно според Законот за заштита на лични податоци.
- по однос на точката 3 – Политиката за користење на колачиња (cookies) која ја имаме истакнато на www.digu.gov.mk во целост ја усогласивме со одредбите од членовите 9 и 16 и член 28 став 1 и 2 од Законот за заштита на лични податоци и доколку посетителот избере "НЕ ПРИФАЌАМ" страната нема да имплементира колачиња во уредот на посетителот. Според GDPR поставено е информационен банер каде што посетителите можат да ја прочитат комплетната политика за колачиња и приватност.

Со Почит,

**Прилог**:

- Принт скрин за точка 1 и
- Решение за определување на Офицер за заштита на личните податоци;
- Принт скрин за точка 2 и
- Принт скрин за точка 3.

Изработил:
Наташа Гребенарова Теофиловска
Раководител на ОНПОР

**в.д. Директор**

**Llokman Limani**



Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Гоце Делчев" бр. 18, Скопје
Република Северна Македонија
Тел. / Факс: + 389 (0)2 3226 183, Лок. 107
Е-пошта: contact@digu.gov.mk